РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
ПАВЕЛ ШАТЕВ
Бр. 02-68/7
23.02.2026 година
С К О П Ј Е

# ЗАПИСНИК

**од двесте четириесет и четврта седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители одржана на 29 јануари 2026 година**

Согласно член 12 став 1 и став 4 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на РСМ" бр.129/2023 и 53/2024), на 29 јануари 2026 година, со почеток во 13.00 часот, преку средства за видеоконференциска врска, се одржа двесте четириесет и четвrттата седница на Управниот одбор на Академијата на која присуствуваа: м-р Бесник Авдија, претседател на УО, Спасенка Андонова, заменик претседател на УО, м-р Башким Бесими, член на УО, Душица Димитриеска, член на УО, м-р Антоанета Димовска, член на УО, Беса Адеми, член на УО, Златко Биковски, член на УО, д-р Али Алиу член на УО и Радица Лазареска Геровска, член на УО.

На седницата присуствуваше и директорката на Академијата, Ирина Трајкоска Стрезоски, без право на глас и Ана Милчевска, вработена во Академијата за судии и јавни обвинители како лице задолжено за работа со Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.

Претседателот на Управниот одбор, судија Бесник Авдија констатираше присуство на сите членови на Управниот одбор, по што го прочита предложениот дневен ред за итната 244 седница:

1. Разгледување на пристигнати тужби до Управен суд на РСМ, против Одлука за поништување на јавен оглас за прием во почетна обука во АСЈО број 02-428/4 од 25.12.2025 година.
2. Разно.

Претседателот на Управниот одбор, отвори диксусија по однос на вака предложениот дневен ред, но со оглед на тоа дека немаше пријавени за збор, истиот го стави на гласање и дневниот ред беше едногласно усвоен од страна на сите членови на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.

Се премина кон разгледување на **првата точка** од дневниот ред - Разгледување на пристигнати тужби до Управен суд на РСМ, против Одлука за

поништување на јавен оглас за прием во почетна обука во АСЈО број 02-428/4 од 25.12.2025 година.

Претседателот на Управниот одбор отвори простор за дискусија по однос на оваа точка, истакна дека во Академијата се пристигнати тужби по однос на донесената Одлука за поништување на јавниот оглас за прием во почетна обука и дека истите се доставени до членовите на Управниот одбор на запознавање.

За збор се јави членот на УО од Министерството за правда на РСМ, која истакна дека при давањето на одговор на тужбите, треба да се внимава дека има дополнување на две тужби и истите треба да бидат земени во предвид при одговор на истите бидејќи дополнувањата се составен дел од истиот предмет. Беше дискутирано дека тужбите со времена мерка се со рок до петок, 30.01.2026 година, додека останатите тужби имаат подголг рок за одговор и тоа 10 и 15 дена од денот на приемот во Академијата – 27.01.2026 година.

Претседателот на Управниот одбор истакна дека имајќи предвид дека согласно Законот за Академија за судии и јавни обвинители директорката на Академијата ја претставува и застапува Академијата за судии и јавни обвинители, Управниот одбор треба да ја овласти директорката на Академијата да даде одговор на пристигнатите тужби до Управниот суд. Директорката на Академијата им посочи на членовите на Управниот одбор дека на нивните меил адреси пред започнување на седницата им е доставен предлог одговор на тужба, на нивно запознавање и евентуални забелешки.

На крај, претседателот на Управниот одбор го стави на гласање предлог Заклучокот да се овласти директорката на Академијата да достави одговор на пристигнатите тужби до Управниот суд, по што едногласно беше донесен Заклучокот да се овласти директорката на Академијата да достави одговор на пристигнатите тужби до Управниот суд, во рамки на утврдените рокови. Беше договорено за наредната седница на Управниот одбор да се доставаат одговорите на тужбите, на запознавање до членовите на Управниот одбор.

Со оглед на тоа дека сите точки од дневниот ред беа исцрпени, претседателот на Управниот одбор ја затвори 244-та седница на Управниот одбор на Академијата во 13.15 часот.

Претседател на Управен одбор
м-р Besnik Avdija

Записникот го изготви Ана Милчевска,
Советник за нормативно правни работи и управување со човечки ресурси